# ПОСТ-ТЕСТ: Одржлива мода

**Упатство:**
Тестот се состои од 15 прашања со еден точен одговор. Обележете само еден точен одговор (А, Б или В). Тестот служи за проценка на знаењата на учесниците пред почетокот на работилницата.
Најпрво одговорете на прашањата, а потоа проверете ги резултатите користејќи го клучот со точни одговори.



**1. Како може да се препознае етички моден бренд?**
А. Редовно го менува асортиманот во продавницата
Б. Има модерни колекции и ниски цени
В. Има органски сертификат и транспарентност во производството

**2. Кои се последиците од прекумерното производство на облека?**
А. Зголемена конкуренција во модната индустрија
Б. Загадување на водите, експлоатација на работниците и вишок отпад
В. Пренатрупаност на фабриките и економски раст

**3. Како брзата мода придонесува за глобалното затоплување?**
А. Влијае на климатските промени преку уништување на џунглите
Б. Нема никакво влијание врз глобалното затоплување
В. Преку испуштање на $CO_2$ во процесот на производство и транспорт на облека

**4. Што значи поимот капсулен гардеробер?**
А. Минималистички начин на облекување базиран на еден бренд
Б. Колекција на сезонска облека прилагодена на тековните трендови
В. Плакар полн со облека што одговара на многу стилови

**5. Колку вода е потребно за производство на една памучна маица?**
А. 2.700 литри
Б. 1.000 литри
В. 500 литри

Co-funded by the European Union

## ПОСТ-ТЕСТ: Одржлива мода

**6. Како може да се намали негативното влијание на модата врз животната средина?**
А. Со заменување на гардеробата секоја сезона
Б. Со купување помалку, избирање поквалитетна облека
В. Со купување повеќе облека во големи ланци продавници

**7. Што значи greenwashing?**
А. Нов начин на бојадисување на ткаенини без хемикалии
Б. Манипулација на потрошувачите со лажни еколошки тврдења
В. Сигурни информации за органското производство на облека

**8. Кои брендови најмногу се поврзуваат со брзата мода?**
А. Zara, H&M, Shein
Б. Patagonia, Stella McCartney
В. Levi's, Reebok

**9. Што претставува „бавната мода“ (slow fashion)?**
А. Тренд во спортската мода
Б. Облека произведена исклучиво од мали локални компании
В. Мода заснована на свесни избори и одржливи материјали

**10. Кој е главниот проблем со полиестерот во облеката?**
А. Е поевтин, но нема негативно влијание врз животната средина
Б. Ослободува микропластика во животната средина при перење
В. Е природен и биоразградлив материјал

**11. Што значи поимот брза мода (fast fashion)?**
А. Облека дизајнирана од познати дизајнери
Б. Брзо производство на евтина облека инспирирана од тековни трендови
В. Мода базирана на квалитет и издржливост на облеката

Co-funded by the European Union

**12. Кој материјал е поеколошки од полиестерот?**
А. Акрил
Б. Органски памук
В. Најлон

**13. Која од следниве сертификации потврдува дека облеката е од органско производство?**
А. CE
Б. ISO
В. GOTS

**14. Која е најголемата пречка за избор на одржлива (бавна) мода (slow fashion)?**
А. Недостаток на модерни кроеви
Б. Помала достапност и повисока цена
В. Недостаток на влијание врз животната средина

**15. Кој е најодржливиот начин за купување облека?**
А. Купување облека за еднократна употреба за посебни пригоди
Б. Купување од продавници за користена облека или од етички брендови
В. Често купување модерна облека од ланци продавници

Co-funded by the European Union